ACIBADEM SISTINA



# ЗНАЦИ НА АУТИЗАМ КАЈ ДЕЦАТА

Драстично е зголемен бројот на новодијагностицирани случаи на аутизам, но под оваа дијагноза многу често се провлекуваат и други невроразвојни растројства како што се: интелектуална попреченост; специфични растројства во учењето-дислексија, дисграфија, дискалкулија; диспраксија или пореметување на моторната координација; говорни нарушувања и психосоцијална депривација. Овие лица многу често имаат стереотипни движења, склоност кон изолација од околината и многу ограничен спектар на интерес за надворешниот свет. За тоа како да препознаете аутистичко дете одговор ни даде д-р Анета Демерџиева, педијатар во Клиничката болница „Аџибадем Систина“.

## ШТО Е АУТИЗАМ?

Аутистичниот спектар е комплексно пореметување кое трае цел живот. Се нарекува развојно нарушување затоа што првите знаци и симптоми се јавуваат секогаш пред третата година од животот, во најинтензивниот развоен период и се манифестира со проблеми во вербалната и невербалната комуникација, социјалната интеракција со другите луѓе и репетитивно поведение поврзано со рутини и шеми во секојдневните активности. Аутистичниот спектар на пореметувања опфаќа нарушување во: социјална интеракција и комуникација; интереси и активности на засегнатите индивидуи.

## РАНИ ЗНАЦИ НА ПРЕПОЗНАВАЊЕ

Рани знаци кои треба да го натераат родителот да се посомнева и да побара лекарска помош се: на 6 месечна возраст доенчето не се смее; на 12 месечна возраст не гуга, не кажува слогови, не покажува со прст и не прави одредени гестикулации; на 16 месеци се уште не кажува прости зборови; на 24 месеци не користи фрази од 2 збора; нема напредок и често дури има регресија во развојот – детето престанува да ги користи зборовите кои ги знаело и ги губи стекнатите социјални вештини. Многу алармантен знак е отсуство на контакт со очи. Како расте детето се повеќе се однесува како да не ги забележува луѓето кои го опкружуваат.

## КОГА СЕ ПОСТАВУВА ДИЈАГНОЗА?

Вообичаено дијагнозата се поставува на возраст од 3 години иако експертите тврдат дека со внимателна опсервација суптилни знаци можат да се забележат веќе на возраст од 6 месеци. „Црвени знаменца” кои сигнализираат потреба од педијатар се следните симптоми: детето не се реагира на сопственото име; вознемирено е но не знае да каже што сака; има задоцнет или отсутен развој на говорот; не одговара на задачите кои му ги поставува родителот; на моменти се однесува како да е глуво; не покажува со прст кон предметите кои сака да ги добие; престанува да ги користи зборовите кои веќе ги употребувало; манифестира агресивно и автоагресивно поведение (многу изразени тантруми); има стереотипии; хиперактивно е, не соработува или се инаети; не знае како да игра со играчките; не одговара со насмевка кога ќе му се насмеете; избегнува контакт со очи; најчесто игра само и многу често е фиксирано за иста играчка или одреден предмет; живее во сопствен свет; врзано е за ритуали во секојдневниот живот и силно се вознемирува кога истите ќе се нарушат - ги реди играчките по точно утврден редослед, се облекува секогаш по некој сопствен ред, се движи по точно утврдена патека по домот.

## ТРЕТМАН

Кога родителот ќе се посомнева, а педијатарот по сериозна клиничка обработка ќе ја потврди дијагнозата потребен е третман. Ран третман значително го подобрува исходот и го оспособува детето за посамостоен живот. Подоброто социјално комуницирање, значи и подобра комуникација и когниција а сето ова ја намалува анксиозноста и го редуцира репетитивното поведение.

call center
02 3099 500
www.acibademsistina.mk